**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

# Информација со

# Акциски план за намалување на сивата економија во Република Македонија за 2015 година

**Скопје, февруари 2015 година**

## Вовед:

Согласно програмските определби на Владата на Република Македонија, меѓу кои и надминување на проблемот на сивата економија, од 2007 година се подготвуваат годишни Акциски планови за намалување на сивата економија.

Постојат различни дефиниции за сивата/неформална економија. Најопшто, под сива економија се подразбираат економски активности кои се легални, но (намерно) не се регистрирани и не се пријавени за даночни цели.

Во стратешките документи кои се однесуваат на политиките на пазарот на трудот (Националната стратегија за вработување 2015 година, и Акцискиот план за вработување на млади 2015 година) предвидено е развој на пакети на мерки кои опфаќаат институционални и превентивни мерки и санкции кои ќе придонесат за поттикнување и олеснување на премин од неформалниот во формалниот сектор. Исто така од 2014 година во Државниот инспекторат за труд се имплементира Твининг проект “Справување со непријавена работа“. Проектот има три главни активности:

- Спроведување на истражување на тема непријавена работа
- Зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд и останатите релевантни заинтересирани чинители
- Вклучување на социјалните партнери во намалувањето на бројот на лица кои се вклучени во непријавената работа

Табела 1: Стапка на неформална вработеност по години во Република Македонија

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно вработени | 609,000 | 629,900 | 637,800 | 645,100 | 650,500 | 678,800 |
| Вкупно неформално вработени | 174,025 | 169,916 | 166,814 | 160,957 | 146,295 | 152,805 |
| Стапка на неформално вработени | 28.6% | 27.0% | 26.2% | 25.0% | 22.5% | 22.5% |

Имајќи ја во предвид големината и специфичностите на сивата економија во Република Македонија, нејзините карактеристики, како и трошоците наспроти користите од истата, Министерството за труд и социјална политика, во име на Владата на Република Македонија подготви Акциски план за намалување на сивата економија за 2015 година. Истиот е подготвен врз основа на консултации и координација со сите надлежни институции за имплементација на Акцискиот план за намалување на сивата економија и тоа: Државниот инспекторат за труд, Министерството за економија, Министерството за финансии и Агенцијата за вработување на Република Македонија

## 1. Акциски план за намалување на сивата економија за 2015 година

| Активности | Индикатор за успешност | Рок | Одговорни институции |
|---|---|---|---|
| **Министерство за труд и социјална политика и Агенција за вработување на Република Македонија** | | | |
| 1. Активација и (барање на работа) на регистрираните невработени лица | Број на одбиени понуди за работа (број на одбиени покани за посредување)<br>Број на одбиени понуди за обуки<br>(број на одбиени покани за обуки кои се внесуваат преку менито Работен клуб и преку менито Обуки за познат работодавач) | 2.1 квартално | МТСП, АВРМ |
| Реализација: | | | |
| 2. Имплементација на системот на размена на податоци помеѓу АВРМ и Агенциите за привремени вработувања и Агенциите за посредување при вработување | -Обезбедување на пристап до базата на невработените лица заради избор на кандидати за вработување преку склучени Меморандуми/Договори за соработка со Агенциите за привремени вработувања и Агенциите за посредување при вработување. | -континуирано (по доставено Барање од Агенциите) | АВРМ, Агенции за Привремени вработувања и Агенции за Посредување при вработување |
| Реализација: | | | |
| 3. Размена на податоци помеѓу АВРМ и ДИТ | - Достапност на секој инспектор да има електронски пристап во евиденцијата на АВРМ за евидентираните вработени работници (број на затекнати работници кај работодавачот кој не се пријавени во АВРМ)<br>-ДИТ да го известува АВРМ за затекнати непријавени работници заради бришење од евиденција на АВРМ (број на затекнати непријавени работници)<br>- Доставување податоци од АВРМ до ДИТ за работодавачи кај кои за одредени вработени е намалено работното време на помалку работни часови. | - Месечно | МТСП, АВРМ, ДИТ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Реализација: | | | |
| 4. Активација и повикување на примателите на СПП да прифатат работа. | -Број на приматели на СПП кои првпат одбиле понуди за работа (број на одбиени покани за посредување) или понуди за обуки (покани за обуки кои се внесуваат преку преку менито Работен клуб и преку менито Обуки за познат работодавач)<br>-Број на испратени опомени до приматели на СПП кои првпат одбиле вработување или обука<br>- Број на приматели на СПП кои вторпат одбиле вработување или обука и поради тоа се бришани од евиденција на невработени лица лица во АВРМ<br>- Број на приматели на СПП на кои им прекинало правото на користење на СПП заради одбивање по втор пат вработување или вклучување во обука и бришење од евиденција | месечно | МТСП /АВРМ-Центри за вработување, Центри за социјална работа |
| Реализација: | | | |
| 5. Воспоставување на систем и следење на трансфер на пари на корисници на СПП и ППП | - Број на лица-корисници на СПП и ППП за примени парични средства преку брз трансфер на пари<br>-Број на лица-корисници на СПП и ППП за примени парични средства преку брз трансфер на пари на кои им престанало правото на користење на СПП и ППП | Квартално | МТСП (Проектна единица УПН Светска банка) НБМ, ЦСР |
| Реализација: | | | |
| 6. Воспоставување на систем и следење на трансфер на пари и штедни влогови | - Број на лица-корисници на СПП и ППП кои имаат штедни влогови | Квартално | МТСП (Проектна единица УПН Светска банка), Деловни банки, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на корисници на СПП и ППП | - Број на лица-корисници на СПП и ППП кои имаат штедни влогови на кои им престанало правото на користење на СПП и ППП | | ЦСР |
| Реализација: | | | |
| 7. Опфат во задолжително социјално осигурување на лица кои оствариле приходи од договор за дело и/или авторски договор или друг вид на договор со кој е определен надоместок повисок од минималната плата. | 1.Број на лица кои пред 1 јануари 2015 година не биле опфатени со задолжително социјално осигурување а по овој датум остваруваат приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на еден или повеќе договори за дело и/или авторски договори или други договори со кои е определен надоместок за извршената работа, доколку вкупниот нето износ на приходите по тој основ е повисок од износот на минималната плата утврдена со закон.<br>2. Број на лица коишто се опфатени во задолжително социјално осигурување а покрај плата или приходи од самовработување остваруваат надоместок од договор за дело и/или авторски договор или друг вид на договор со кои е определен надоместок за извршената работа со работодавач кај кој е во работен однос или со други правни лица кои имаат сопственичка, организациска или управувачка поврзаност со работодавачот.<br>3.Број на лица кои покрај примања од работен однос, самовработување, остваруваат и приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на еден или повеќе договори за | Во тек на јули 2015<br>Јануари 2016<br><br>Во тек на јули 2015<br>Јануари 2016<br><br>Во тек на јули 2015 | МТСП, АВРМ; ФПИОМ; УЈП<br><br>МТСП, АВРМ; ФПИОМ; УЈП |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | дело и/или авторски договори или други договори со кои е определен надоместок за извршената работа, доколку вкупниот нето износ на приходите по тој основ е повисок од износот на просечната нето плата за претходната година објавена од Државен завод за статистика. | Јануари 2016 | |
| Реализација: | | | |
| 8. Размена на податоци на лица кои не биле опфатени со задолжително социјално осигурување пред 1 јануари 2015 година, а по овој датум се опфатени во социјално осигурување по основ на надоместок од договор за дело и/или авторски договор или друг вид на договор со кој е определен надоместок повисок од минималната плата. | Број на доставени М1 пријави од Фондот на ПИОМ до АВРМ | Месечно | МТСП, ФПИОМ и АВРМ |
| Реализација: | | | |
| **Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност** | | | |
| 1. -Водење на евиденција за прекршоците утврдени со овој закон (кај кој субјект, седиште, која дејност се врши нерегистирана, кои мерки се преземени)<br><br>Реализација: | Број на прекршоци<br><br>Број на прекршоци по дејност | Континуирано | ДИТ, ДПИ, ДСЗИ, ДИГУ, ДКИ, ДТ, ДИТИ, ДИЗ, ДИШЛ, ДПИ, ДУИ, ДИЛС, ДИЖС, Инспекциски совет |
| 2. -Доставување на податоци од евиденцијата до Инспекцискиот совет за констатираните состојби и исходот од постапката | Број на доставени податоци од евиденцијата до Инспекциски совет | Континуирано | ДИТ, ДПИ, ДСЗИ, ДИГУ, ДКИ, ДТ, ДИТИ, ДИЗ, ДИШЛ, ДПИ, ДУИ, ДИЛС, ДИЖС, Инспекциски совет |
| Реализација: | | | |
| 3. –Соработка и размена на | Број на субјекти кои вршат | Континуирано | ДИТ, ДПИ, ДСЗИ, ДИГУ, ДКИ, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| податоци помеѓу инспекциите и УЈП заради утврдување и пресметување на даночните обврски на субјектите кои вршат нерегистрирана дејност како и доставување на податоци од евиденција до УЈП (кај кој субјект, седиште, која дејност се врши нерегистирана, кои мерки се преземени) | нерегистрираните дејности (субјект/нерегистрирана дејност) | | ДТ, ДИТИ, ДИЗ, ДИШЛ, ДПИ, ДУИ, ДИЛС, ДИЖС,УЈП |
| Реализација: | | | |
| 4. - Подготвување на Процедура за унифицирано постапување на сите инспектори при вршење на надзор по овој закон | Унифициран Контролен лист | 1 квартал | МТСП, ДИТ, Инспекциски совет |
| Реализација: | | | |
| 5. -УЈП да доставува известување до инспекторатите податоци за нерегистрираните даночни обврзници , | -Известување од УЈП за приходи по основ на нерегистрирана дејност | Континуирано | УЈП, ДИТ, ДПИ, ДСЗИ, ДИГУ, ДКИ, ДТ, ДИТИ, ДИЗ, ДИШЛ, ДПИ, ДУИ, ДИЛС, ДИЖС, |
| Реализација: | | | |
| **Закон за работните односи** | | | |
| 1. – Соработка меѓу Инспекциските органи и размена на податоци во врска со забрана за вршење на работи на работодавачот | -Број на затекнати непријавени работници | Континуирано (месечно) | ДИТ, ДПИ, ДСЗИ, ДИТИ, Инспекцискиот совет |
| Реализација: | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. – Евиденција на барања за поведување на прекршочна постапка од страна на инспекциите (број на барања за поведување на прекршочна, број на затечени непријавени работници, број на наплатени глоби) | Број на барања за поведување на прекршочна постапка | Континуирано (месечно) | ДИТ, ДПИ, ДСЗИ, ДИТИ |
| Реализација: | | | |
| 3. Доставување на извештај од страна на Државниот инспекторат за труд за извршени инспекциски надзори до МТСП | -за затечени непријавени работници<br>-затечени непријавени млади работници до 29 години<br>-во текстилната индустрија кај работници кои работат подолго редовното работно време (40 часа неделно) | Континуирано (месечно) | МТСП, ДИТ |
| Реализација: | | | |
| 4. Доставување на податоци од Државниот завод за статистика за работа со неполно работно време | -Доставување на податоци до МТСП и АВРМ преглед во кој дејности има најголем број работници со неполно работно време<br>- Водење на евиденција за дејности во кои се работи со неполно работно време – МТСП<br>-АВРМ до 20 во месецот за наредниот месец до ДИТ да достави податоци за фирми од тие дејности кои вработуваат работници со неполно работно време<br>- Извештај од ДИТ за извршените контроли и преземените мерки | Квартално | МТСП, ДЗС, ДИТ, АВРМ |
| Реализација: | | | |
| 5. Едукација на учениците во средно образование за негативните ефекти од сивата економија (проект "Одбиј работа на црно") | 1. Број на одржани едукации | 1.1 Континуирано | МТСП, МОН, АВРМ, Агенции за привремени вработувања |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Реализација: | | | |
| 6. Воспоставување на унифицирана процедура за постапување при инспекциски надзор за затечените непријавени работници. | Развиена унифицирана процедура за постапување при инспекциски надзор за затечените непријавени работници. | Прв квартал 2015 година | МТСП, ДИТ, |
| Реализација: | | | |
| 7. Информирање (веб страна и средства за јавно информирање) за фирми кај кои се констатирани неправилности (непријавени работници) согласно спроведен инспекциски надзор | - Број на објавени фирми кај кои се констатирани неправилности (непријавени работници) | Континуирано | МТСП, АВРМ, ДИТ |
| Реализација: | | | |
| 8. Воведување на дежурни служби (втора и трета смена) во сите инспекторати во Република Македонија заради навремено преземање на соодветни активности. | Воспоставени дежурни служби во надлежните инспекторати од соодветна област | Декември 2015 година | ДИТ, ДПИ, ДСЗИ, ДИГУ, ДКИ, ДТ, ДИТИ, ДИЗ, ДИШЛ, ДПИ, ДУИ, ДИЛС, ДИЖС, |
| Реализација: | | | |
| **Инспекциски совет** | | | |
| 1. Развивање на методи и техники за спроведување на квалитетен инспекциски надзор | Развиена методологија за спроведување на инспекциски надзор | Декември 2015 година | Инспекциски совет на Република Македонија , МТСП УСАИД (проект) |
| Реализација: | | | |
| 2. Соработка меѓу ДИТ, УЈП и Финансиска полиција за координирани активности за регулирање на неправилности во работење на фирмите | -број на непријавени работници<br>-износ на неплатени даноци<br>-Број на контроли и износ на финансиски средства (перење на пари) | Континуирано | ДИТ, УЈП, Финансиска полиција, Инспекциски совет на Република Македонија |
| Реализација: | | | |
| **Министерство за финансии** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Национална кампања за зголемување на даночниот морал односно јакнење на свеста на населението за придобивките од плаќање на обврските кон државата | 1.1 Спроведена кампања | 1.1 континуирано | МФ, УЈП, социјални партнери (Во мислењето од УЈП бр.22-1244/2 од 20.02.2015 година, укажано е дека нема планирано финансиски средства за реализација на предвидените активности) |
| Реализација: | | | |
| **Државен инспекторат за труд** | | | |
| 1. Квартална анализа на утврдените неправилности при инспекциски надзор заради откривање на сектори, работодавачи, области каде има прекршување на законските процеси заради преземање на мерки за нивно надминување | 1.1 Квартални анализи | Квартално | ДИТ |
| **Реализација** | | | |
| 2.Зајакнување на инспекцискиот надзор во заштитните друштва. | - зголемен број на инспекциски надзори,<br>- број на непријавени работници,<br>- број на прекршочни пријави,<br>- број на кривични пријави | Квартално | ДИТ |
| 3. Зајакнување на инспекцискиот надзор во прехранбената и преработувачката индустрија. | - зголемен број на инспекциски надзори,<br>- број на непријавени работници,<br>- број на прекршочни пријави,<br>- број на кривични пријави | Годишно | ДИТ |
| 4. Зајакнување на инспекцискиот надзор во текстилната индустрија, производство на облека, кожа и кожни производи. | - зголемен број на инспекциски надзори,<br>- број на непријавени работници,<br>- број на прекршочни пријави,<br>- број на кривични пријави | квартално | ДИТ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Реализација | | | |
| 5. Зајакнување на инспекцискиот надзор во градежниот сектор | - зголемен број на инспекциски надзори,<br>- број на непријавени работници,<br>- број на прекршочни пријави,<br>- број на кривични пријави | Годишно | ДИТ |
| 6. Зголемување на бројот на координирани инспекциски надзори со поголем број на инспектори со место на живеење надвор од местото каде што ќе се прават надзори. | - зголемен број на инспекциски надзори,<br>- број на непријавени работници,<br>- број на прекршочни пријави,<br>- број на кривични пријави | квартално | ДИТ |
| **Реализација** | | | |
| 7. Зајакнување на инспекцискиот надзор во Струмица, Куманово, Велес, Штип, Прилеп, Битола, Струга, Охрид, Тетово, Гостивар, Скопје. | - зголемен број на инспекциски надзори,<br>- број на непријавени работници,<br>- број на прекршочни пријави,<br>- број на кривични пријави | квартално | ДИТ |
| Реализација | | | |
| 2. Објавување на т.н. црна листа на фирми со утврдени неправилности во работата од страна на ДИТ на веб страната на МТСП | 2.1 Број на објавени фирми | 2.1 континуирано | ДИТ |
| **Реализација** | | | |
| **Управа за јавни приходи** | | | |
| 1. Откривање на даночни обврзници кои | 1.1 Број на откриени даночни обврзници | 1.1 континуирано | УЈП и ДПИ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| вршат нерегистрирана дејност | | | |
| | | | |
| 2. Откривање  на даночни обврзници кои вршат дејност од времен карактер[1] | 2.1 Број на откриени даночни обврзници | 2.1 континуирано | УЈП |
| 3. Откривање на  даночни обврзници - физички лица кои што оствариле одданочени приходи, а не ги пријавиле | 3.1 Број на откриени даночни обврзници | 3.1 континуирано | УЈП |
| 4. Продолжување на процесот на воведување и користење на фискален систем на опрема | 4.1 Број на новорегистрирани фискални апарати | 4.1континуирано | УЈП |
| 5. Спроведување на контрола на фискални апарати самостојно или во соработка со други надлежни инспекциски органи | 5.1 Број на спроведени контроли | 5.1континуирано | УЈП |
| 6. Спроведување на посебни постапки за утврдување на персонален данок на доход на неоданочени приходи | 6.1 Број на спроведени постапки и износ на утврден персонален данок на доход | 6.1континуирано | УЈП |
| **Царинска управа на Република Македонија** | | | |
| 1. Зајакната контрола на царинската линија (легални и диви гранични премини) и правилно утврдување на | 1.1 Зголемен број на откриени царински прекршоци | 1.1 -31.12.2015 | ЦУРМ, МВР |

[1] Се однесува на даночни обврзници кои вршат дејност во определен период на годината ( пр. Продавање на честитки за Нова година, учество на саеми, панаѓури и сл.)

| | | | |
|---|---|---|---|
| царинската вредност | | | |
| 2. Зајакната контрола на физичките лица од пограничните области (заради куфер трговија) | 2.1 Зголемен број на откриени царински прекршоци | 2.1 -31.12.2015 | ЦУРМ, МВР |
| 3. Соработка со инспекциски служби во Република Македонија | 3.1 Зајакнати контакти помеѓу Царинската управа и инспекциските служби | 3.1- 31.12.2015 | ЦУРМ, Инспекциски служби |
| **Министерство за економија** | | | |
| 1.Зајакнување на инспекцискиот надзор на лица кои вршат трговска дејност без упис во Централниот регистар на РМ на места кои не се дозволени (околу зелените пазар,на тротоари,плоштади и сл). | 1.1Број на извршени инспекциски надзори,<br>Број на поднесени прекршочни барања и одземена стока | 1.1Континуирано | ДПИ, МВР |
| 2.Зајакнување на инспекцискиот надзор на лица кои вршат угостителска и туристичка дејност без упис во Централниот регистар на РМ | 2.1 Број на извршени инспекциски надзори,<br>Број на поднесени прекршочни барања и одземена стока | 2.1Континуирано | ДПИ, МВР |
| 3.Зајакнување на инспекцискиот надзор над концесионерите кои вршат детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини | 3.1 Број на извршени инспекциски надзори,<br>Број на поднесени прекршочни барања | 3.1Континуирано | МЕ, ДИТИ, МВР |
| 4.Регионализација на Државниот инспекторат за техничка инспекција, т.е. формирање на подрачни единици во Битола, Тетово и Штип, за што постапката е во тек | 4.1Формирани подрачни единици во Битола, Тетово и Штип | | МЕ |
| 5. Зајакнување на инспекцискиот надзор над производите кои се пуштаат на | 5.1 Број на извршени инспекциски надзори, | Континуирано | ДПИ, ДИТИ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| пазарот во делот на нивната безбедност согласно Законот за безбедност на производите и подзаконските акти | Број на поднесени прекршочни барања и одземена стока<br>Број на донесени решенија за забрана, и за, повлекување од промет на небезбедни производи | | |
| 6. Зајакнување на инспекцискиот надзор над производите кои се пуштаат на пазарот во делот а нивната безбедност согласно Законот за Градежните производи | 6.1 Број на извршени инспекциски надзори,<br>Број на поднесени прекршочни барања и одземена стока<br>Број на донесени решенија за забрана, и за, повлекување од промет на небезбедни производи | Континуирано | ДПИ, ДИГУ |
| 7. Зајакнување на инспекцискиот надзор врз субјектите кои користат екстра лесно масло за греење- црвена нафта како погонско гориво согласно Законот за акцизи | 7.1Број на извршени инспекциски надзори,<br>Број на поднесени прекршочни барања | Континуирано | ЦУРМ, ДПИ и МВР |
| 8.Зајакнување на инспекцискиот надзор во делот на заштита на правата на потрошувачите | 8.1Број на извршени инспекциски надзори за заштита на правата на потрошувачите,<br>Број на решени и уважени жалби на потрошувачите | Континуирано | ДПИ/БМ |
| 9.Редовна верификација на мерилата кои се користат во законската метрологија | 10.1 Верификација на мерилата се врши редовно | Континуирано | БМ |

Согласно наведеното, Владата на Република Македонија ги донесе следните заклучоци**:**

1. Владата на Република Македонија ја разгледа и усвои Информацијата со Акцискиот план за намалување на сивата економија во Република Македонија за 2015 година.

2. Владата на Република Македонија го разгледа и прифати Акцискиот план за намалување на сивата економија во Република Македонија за 2015 година.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во соработка со Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Министерството за локална самоуправа, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за здравство, Министерство за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Народна банка на Република Македонија, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Државен завод за статистика, Инспекциски совет на Република Македонија и Државниот инспекторат за труд да подготви годишен извештај за спроведување на активностите предвидени во Акцискиот план за намалување на сивата економија за 2015 година и да ги достави до Владата во јануари 2016 година (за периодот јануари-декември 2015 година).

**КРАТЕНКИ**

МТСП- Министерство за труд и социјална политика
МФ- Министерство за финансии
МЕ- Министерство за економија
МОН – Министерство за образование и наука
МВР- Министерство за внатрешни работи
ЦУРМ- Царинска управа на Република Македонија
УЈП- Управа за јавни приходи
БМ- Биро за метерологија
АВРМ- Агенција за вработување на Република Македонија
ДЗС- Државен завод за статистика
ДИТ- Државен инспекторат за труд
ДПИ- Државен пазарен инспекторат
ДИГУ- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
ДИТИ- Државен инспекторат за техничка инспекција
ДКИ- Државен комунален инспекторат
ДТ- Државен инспекторат за транспорт
ДУИ – Државен управен инспекторат
ДИШЛ- Државен инспекторат за шумарство и ловство
ДПИ- Државен просветен инспекторат
ДИЗ- Државен инспекторат за земјоделство
ДИЛС- Државен инспекторат за локална самоуправа
ДСЗИ- Државен санитарен и здравствен инспекторат
ДИЖС- Државен инспекторат за животна средина
НБМ – Народна банка на Република Македонија
ЦСР – Центри за социјална работа
ФПИОМ – Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија